Подготвил:
Александар КЕЛТАНОСКИ



# МОНИТОР ПОТЕНОК ОД ХАРТИЈА

Можеби звучи како научна фантастика, но "Sony" го претстави моментно најтенкиот дисплеј на светот со дебелина од само 0,3 милиметри. Производителите на електронски уреди веќе традиционално неколку седмици произведуваат нови најголеми или најтенки монитори. На ред дојде и "Sony", кој го претстави моментно најтенкиот дисплеј на светот. Во производството на овој еластичен 2,5-инчен дисплеј, со дебелина од само 0,3 милиметри, "Sony" ја комбинираше TFT и OLED технологијата. Мониторот би требало да најде примена во мобилните уреди од следната генерација. Сè уште не е познато кога би можело да се почне со комерцијално производство на екрани базирани на оваа технологија.



# NOKIA 8600 LUNA



"Nokia" го претстави својот најнов модел на мобилен телефон "8600 Luna", со единствен дизајн, направен од стакло и нерѓосувачки челик. Додека телефонот ѕвони, светлина полека пулсира под стаклото на тастатурата, што создава мистериозна аура. Телефонот го доби името по Луна, божицата на Месечината. Според потпретседателот на компанијата, Heikki Norta, во креирањето на новиот телефон се вложени огромни напори за да се постигне мазност на стаклото на предната страна на телефонот, регулирање на топлината на нерѓосувачкиот челик додека се држи в рака, како и исклучителна чувствителност на тастатурата. На овој модел прв пат е употребен единечен микро USB, што овозможува не само аеродинамичен дизајн, ослободен од премногу вдлабнатини, туку и беспрекорно функционирање на активностите, како што се полнење, аудио поврзаност и можноста за поврзување на податоците во единствена мрежа.

Новиот телефон ќе биде достапен на пазарот по цена од 700 евра.


